Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
**Факултет за ветеринарна медицина - Скопје**

**Број 0202-1334/2**
**25.10.2023 година**

Врз основа на член 115 од Законот за високото образование (Службен весник на РМа бр. 82/2018), член 239 од Статутот на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје ( Универзитетски гласник бр.425/2019) и член 62 став 1, точка 35 и 36 од Статутот на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје во состав на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје ( Универзитетски гласник бр.460/2019) Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје на седницата одржана на 25.10.2023 година донесе

# О Д Л У К А

## за започнување постапка за избор на декан на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје

1. Се започнува постапка за избор на декан на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје во состав на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје за мандатен период од 3 (три) години.
2. За спроведување на постапката за избор на декан на Факултетот за ветеринарна медицина – Скопје се формира Изборна комисија во состав:
   - Проф. д-р Василка Попоска Треневска - претседател
   - Проф. д-р Елена Атанаскова Петров - член
   - Доц. д-р Мартин Николовски - член
3. Изборната комисија, пријавата и програмата за работа за мандатниот период на кандидатите за декан, ги прима во рок од 30 дена од донесувањето на оваа одлука.
4. Сите кандидати, пријавата и програмата за работа за мандатниот период да ја достават во архивата на факултетот и до изборната комисија.
5. Изборната комисија ги доставува пријавите и програмите на кандидатите за декан до членовите на Наставно-научниот совет во електронска форма, во рок од 3 дена од денот на нивното поднесување.
6. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Доставено до:

1. Членови на ННС
2. Членови на Изборна комисијата
3. Архива

В.Д. Декан,

Проф. д-р Тони Довенски

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје * Република Северна Македонија * Факултет за ветеринарна медицина во Скопје * 1

**МКС EN ISO/IEC 17025**